**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-4212/1
Скопје 29.09.2017г.

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата за 29 септември 2017г.**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува петтиот дневен извештај за 29 септември 2017 година.

Во рамки на овој извештај, Ве информираме дека повеќе радиодифузери што емитуваат програма на регионално и локално ниво се јавија во Агенцијата во врска со барањата за платено политичко рекламирање од независните кандидати, односно кандидатите на групи избирачи.

Имено, член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, кој се однесува на дозволеното време за платено политичко рекламирање и начинот на негова распределба на реален час емитувана програма, не предвидува време за платено политичко рекламирање на независните кандидати.

Одредбата утврдува дека времето од 18 минути за платено политичко рекламирање (ППР) на реален час емитувана програма треба да се подели така што, најмногу осум минути ќе се издвојат за партиите од власта, најмногу осум минути за партиите во опозиција, една минута за политичките партии во Собранието кои немаат пратенички групи и една минута за политичките партии кои немаат пратеници во Собранието.

Агенцијата за недостатоците на оваа одредба го информираше Министерството за правда уште во јануари 2016 година. Во март 2017 година, јавниот состанок на Агенцијата го посветивме на изборната регулатива. Врз основа на искуството од изборниот процес во 2016 година, како и на претходните изборни процеси, посочивме повеќе слабости на одредбите од Изборниот законик поврзани со медиумското претставување и дадовме препораки во која насока треба да се направат измените. Со измените на Изборниот законик во 2017 година, не беа опфатени одредбите што се однесуваат на медиумите.

Оттаму, ве молиме, за мислење, како да се обезбеди платено политичко рекламирање на независните кандидати, имајќи предвид дека истиот член (став 8) од Изборниот законик ги обврзува радиодифузерите на сите учесници во изборниот процес да им обезбедат рамномерен пристап за платено политичко рекламирање.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

директор

............................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

---